О.О.У. БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ ОД СКОПСКИ АЕРОДРОМ – ДОМАЌИН НА ДИРЕКТОРОТ НА ETUCE И РАКОВОДСТВОТО НА СОНК

О.О.У. Браќа Миладиновци од скопски Аеродром – домаќин на директорот на ETUCE и раководството на СОНК

Директорот на европската Конфедерација на синдикатите за образование, г-ѓа Сузан Флокен, придружувана од раководството на СОНК, беше во посета на општинското основно училиште ”Браќа Миладиновци” од Скопје, каде што имаше можност да поразговара со директорот на училиштето, г-динот Тони Димов и со членовите на синдикалната организација на СОНК од оваа установа.



Од страна на директорот бевме информирани за работата на училиштето кое е единствено во градот Скопје, што успешно работи со две наставни програми, националната програма и меѓународната IB програма. Тој ни посочи за потешкотиите во нивното работење и реализација на законските обврски, но воедно и искажа позитивни ставови во однос на ангажираноста и високиот професионализам на вработените во тоа училиште, што резултира со одлични резултати кај учениците. Тој, исто така, го подржува ангажирањето на СОНК за подобрување на социјалниот статус на вработените, особено за неговото училиште, при што побара помош и подршка од СОНК за изнаоѓање на законско решение за наградување на вработените кои работат по споменатите две програми.



Претседателот на синдикалната организација на СОНК, г-ѓа Анета Велкоска, во кратки црти ни ја опиша работата во оваа синдикална организација, партнерскиот однос со директорот на училиштето, активното учество во Регионалниот одбор на СОНК, како и за статутарното право на секој од членовите, преку синдикалната организација, да може да даде придонес во севкупното работење на СОНК. Во дискусијата, од страна на повеќе членови на синдикалната организација, беше кажано дека се задоволни од работењето на нивната организација, но побараа поголемо ангажирање од сите оние коишто имаат законска можност да придонесат за подобрување на платите во образованието, подобрување на условите за работа, како и подобрување на законските решенија во основното образование.

Г-ѓата Сузан Флокен беше воодушевена од работењето на училиштето и од посветеноста на сите вработени, а особено на наставниците за реализација на наставните програми. Таа се

согласи дека просветните работници во Македонија заслужуваат многу повеќе во однос на личните доходи, вложување во инфраструктурата во училиштата, наставните средства и помагала, едукација на наставниците, а особено за вакви училишта кои што реализираат две наставни програми.

ETUCE ДАВА СИЛНА ПОДРШКА НА РАБОТАТА НА СОНК

Директорот на европската Конфедерација на синдикати за образование – ETUCE, Сузан Флокен, во посета на СОНК

ETUCE ДАВА СИЛНА ПОДРШКА НА РАБОТАТА НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија беше домаќин на директорката на Конфедерацијата на синдикати за образование во Европа, г-ѓа Сузан Флокен, со која одржа состанок во седиштетото на СОНК. На состанокот освен претседателите на Регионалните одбори на СОНК присуствуваа и претседателот на синдикатот за образование на Р. Албанија, Неврус Каптели и претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Благоја Ралповски.

Воведното обраќање го имаше претседателот на СОНК, г-дин Јаким Неделков, кој што изрази огромно задоволство од доаѓањето на овој, како што кажа, многу важен гостин за нас, од позиција на прв човек на европското семејство на синдикати за образование, кое брои над 11 милиони членови од вкупно 132 репрезентативни синдикати за образование во Европа.

Во своето обраќање, г-ѓа Сузан Флокен го потенцираше значењето на Европската конфедерација на синдикатите за образование – ETUCE и големата улога во кроењето на образовните политики на ниво на Европа. Дополнително се задржа на потребата да се промовира квалитетното образование, да се инвестира повеќе во образованието и сл. Според неа, најважен од се е социјалниот дијалог помеѓу синдикатот и социјалните партнери на сите нивоа, но исто така дава и голема подршка на активностите на СОНК, кои што одат во правец на организирање и реализирање на протести, со што јавно се искажуваат ставовите и незадоволството на СОНК околу платите, социјалниот дијалог, реформите и т.н.

Како нејзин завршен став беше дека зад СОНК и неговата работа стојат над 11 милиони членови на Европските синдикати за образование. По неа се надоврза и претседателот на синдикатот за образование на Р. Албанија, кој што во кратки црти ја објасни ситуацијата во неговата држава. Тој особено нагласи дека мигрирањето на популацијата е сериозен проблем во Р. Албанија, бидејќи со тоа се намалува бројот на ученици во училиштата.

Во дискусијата учествуваа и претседателите на Регионалните одбори на СОНК, кои од синдикален аспект ги изнесоа своите ставови околу состојбите и проблемите на вработените во сите сфери на образованието. Од нивните обраќања можат да се издвојат неколку важни прашања, а тоа се: ниските плати во сите сфери на образованието и науката, заложбата на СОНК за поголемо учество во носење на нацрт текстови за законите за основно и средно образование, нацрт текст за Колективен договор за високо образование и наука, спроведување на реформи без негативни последици на вработените, како на пример евентуални технолошки вишоци и т.н.



По барање на СОНК, г-ѓа Сузан Флокен беше примена од министерот за образование и наука, г-дин Арбер Адеми, со кој разговараше за европските перспективи на образовниот систем во Македонија, социјалниот статус на вработените во образованието, законските решенија во однос на проблемите со наталитетот и миграција на семејства во европските држави, реформи во средното стручно образование и т.н., при што, на крајот од разговорите, министерот за образование и наука, претседателот на СОНК, директорот на ETUCE и претседателот на албанскиот синдикат за образование дадоа изјави за јавноста.

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија ја информира јавноста дека активно ќе земе учество во организирање и спроведување на јавниот социјален протест, што ќе се одржи во Кичево на 23 февруари 2019 година, во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС.
Членовите на СОНК, особено се заинтересирани за изразување на своето незадоволство од следните причини:
– Поради енормно ниските плати на вработените во детските градинки, основното, средното, високото образование, науката и

културата во Македонија.
– Затоа што со зголемување на минималната плата на национално ниво не се зголемуваат платите на сите работни места согласно коефициентите утврдени со колективните договори.
– Затоа што не е исполнето ветувањето на високи функционери во Министерството за труд и социјална политика за зголемување на платите во градинките, започувајќи од 01.01. 2019 год.
– Затоа што СОНК, како релевантен социјален партнер на МОН, не е вклучен во делот на изготвување на закони за основно и средно образование, како и поради планирање на реформи во средното стручно образование, со што се очекува таквите планирани реформи да предизвикаат голем број на работници да се стекнат со статус на технолошки вишок.
– Затоа што надвор од елементарната логика е скратено правото на додаток за трошоци за превоз до и од работното место, каде што голем број на вработени од нашите дејности издвојуваат и до 1/4 од својата скромна плата.
– Затоа што не постои колективен договор за високо образование и наука, повеќе од две децении, со што би се воспоставил ред во дејноста високо образование и наука.
– Затоа што се прави обид предлог колективниот договор за култура, кој што беше на јавна расправа и беше прифатен од СОНК и Министерството за култура, да се негира и да се подметне друг колективен договор, за кој што немаме релевантна информација кој е изготвувачот. Со тоа продолжува хаосот во дејноста култура и покрај најавите од министерството дека до крајот на март 2019 година ќе има нивелација на платите на вработените во културните установи, иако знаеме дека во овој период тоа не е возможно заради престојните претседателски избори.
– Затоа што за СОНК неприфатлива е идејата за трансфер на работниците од образование, наука и култура во приватен сектор.
– Затоа што СОНК како репрезентативен синдикат во образованието, науката и културата, нема да дозволи никакви реформи во овие дејности, коишто нема да бидат во полза на своите членови.

СОНК дава силна поддршка на раководството на КСС во барањето за отпочнување преговори за изменување и дополнување на Општиот Колективен договор за јавен сектор, со што ќе се дефинираат некои прашања и ќе се подигнат некои права на работниците вработени во јавниот сектор, вклучително и во образованието, науката и културата, а особено за враќање на стекнатото право за регрес за годишен одмор, јубилејни награди, воведување на 13 плата и други додатоци на плата.
Поради овие и многу други причини, СОНК ќе земе масовно учество на јавниот протест, за што го повикува сопственото членство, членовите на семејствата на нашите членови, останатите синдикати во државата, невладините организации и сите граѓани, кои ја препознаваат искрената заложба на нашата организација за подигнување на социјалниот и економскиот статус, како и за враќање на достоинството на вработените во дејностите образование, наука и култура.